ЛЕКЦИЈА 02

# МЕДИУМИ И КОМУНИКАЦИЈА

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење го воведува во наставата поимот медиуми. Учесниците ќе научат за концептот на медиумите, потеклото и значењето на зборот, примери на различни медиуми, од традиционални до најактуелни, ќе ги разберат масовните и глобалните медиуми и ќе разговараат за улогата на медиумите во процесот на комуникација.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Медиуми, Комуникација, Мас-медиуми, Jakobson*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Париска агенда за медиумско образование*
- *Квиз Mediactive Youth Moodle*
- *UNESCO Media Education: A Kit for Teachers, Students, Parents and Professionals*
- *Медиумска писменост денеска*
- *Медиумска писменост на YouTube канал*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Целта на оваа лекција е учесниците да го научат значењето на медиумите и да ја научат кратката историја за медиумите, како и да ги разберат основите на процесот на комуникација и улогата на медиумите во истата.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Студентите подобро ќе го разберат основниот модел на комуникација и ќе ги сфатат комуникациските функции. Тие ќе ја разберат и улогата на медиумите и нивната историја, ќе прават разлика помеѓу старите и новите и масовните медиуми и ќе го унапредат своето критичко гледање на медиумите.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути Загревање:** Ефективен начин да се вклучат учесниците и да се постават заеднички очекувања за тоа што може да научат, е да се постават прелиминарни прашања на оваа тема. Едукаторот ја презентира темара и содржината на часот, припрема PowerPoint/Prezi/Canva презентација и Canvasapp; различни методи на подучување: предавање, дискусија, работа во група, саморефлексија.

**5-30 Заедничко учење** – првите 30 минути учесниците зборуваат за медиумите, користејќи Prezi презентација, едукаторот им покажува на претставниците примери и клипови за медиумите и разговара со учесниците за улогата и историјата на истите.

Со користење на Јакобсоновиот модел на комуникација – елабориран во презентацијата, учесниците стекнуваат пошироко разбирање за процесот на комуникација.

**30-50 Употреба на веб-ресурси како материјал за учење** – Париска агенда за онлајн образование, агенда на ОН или слично. Задачата е учесниците да прочитаат, да резимираат во неколку реченици и да испратат преку апликацијата Canvas, Париска агенда (препорачано) или некој друг клучен документ од ОН, УНЕСКО или ЕУ за важноста на медиумското образование. Ова ќе им даде на учесниците идеја за клучната улога на медиумската писменост и образование во современиот свет.

Додека ја презентирате содржината осигурајте се дека имате интеракција со сите учесници и охратбрете ги да бидат активни со своето учество.

**50-60 Учење базирано на игри / Проценка на знаење** – учесниците прават квиз за медиумска писменост преку Moodle/Kahoot.

**Заклучок:** Направете кратко резиме на лекцијата и поставете неколку прашања, чии одговори ќе помогнат да се истакнат и потенцираат најзначајните пораки кои сакате да остаат запаметени.

## МАТЕРИЈАЛИ / АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/компјутер, интернет конекција, Moodle/Kahoot!

PowerPoint/Prezi презентација која е збогатена со визуелни материјали (слики и видео записи) и фактички информации базирани на истражување. Canvas апликација за примање и прикажување на заедничките информации/одговори.